


Доколку сакаш да работиш на имплементација и усовршување на системите за компензации и бенефити, планирање на годишните буџети за вработени како и управување со системот на перформанси со вработени, аплицирај за отворената работна позиција во Центарот за управување со човечки ресурси.

# Сениор специјалист за компензации, бенефити и управување со перформанси на вработени

**Твоите активности**

- Водење и унапредување на системот за финансиско и нефинансиско наградување (компензации и бенефити);
- Водење и унапредување на системот за управување со перформанси на вработените и менаџерите;
- Спроведување на стратешко планирање, буџетирање и контрола на трошоци за управување со човечки ресурси;
- Креирање на правичен и конкурентен пакет на компензации и бенефити усогласен со стратегијата и целите на Банката;
- Континуирано следење и анализа на плати (интерно и екстерно споредување "benchmark"), како и утврдување на интерната структура, сложеност на работни места и градацијата на плати;
- Поддршка на менаџментот на Банката преку имплементација на различни методи, техники и метрики за ефикасно донесување одлуки поврзани со компензации и бенефити на вработените;
- Следење на трендовите на пазарот за анализа на плати и други надоместоци;
- Имплементација и надградба на ХР софтверски решенија за управување со перформанси, финансиски и нефинансиски наградувања.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Најмалку 3 години работно искуство во сегментот на управување со човечки ресурси со фокус на управување со перформанси на вработени и системот на компензации и бенефити за вработени;
- Математички, статистички и аналитички начин на размислување со способност за собирање и интерпретација на податоци за донесување на одлуки;
- Напредно користење на MS Office (со акцент на MS Excel) и електронски алатки за човечки ресурси;
- Познавање на Power BI и управување со податоци ќе се смета за предност;
- Одлично познавање на англиски јазик (усна и писмена комуникација);
- Високо развиени организациски и комуникациски вештини, со способност за ефективна интеракција со поединци и групи на сите нивоа во компанијата;
- Релевантни сертификати од областа на човечки ресурси и управување со податоци;
- Способност за креативно и иновативно размислување;
- Високо развиен тимски дух и самоиницијативност.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Водечки регионален и домашен бренд и современо работно опкружување;
- Позитивна организациска култура базирана на меѓусебна доверба, тимски дух, развој на вработените, поттикнување иновации и креативност
- Грижа за целокупната добросостојба на вработените вклучувајќи разновидни програми и активности, флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирани програми за обука и можност за локален и интернационален кариерен развој;
- Учество во проекти и иницијативи на ниво на НЛБ Групација;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучувајќи приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Ако е ова позицијата на која се гледаш себеси, испрати ни мотивациско писмо и кратка биографија (CV) најдоцна до 10.09.2023, на nlbkariera@nlb.mk со назнака Сениор специјалист за компензации, бенефити и управување со перформанси на вработени.

Те очекуваме!

NLB Banka